# СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК Е ЗАГАРАНТИРАНО ПРАВО,АЈДЕ ДА ГО ПОЧИТУВАМЕ

Една од надлежностите на Врховниот суд на Република Македонија е да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за **повреда на правото на судење во разумен рок**, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија во согласност со правилата и принципите утврдени со **Европската конвенција за човекови права** и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот Суд.

## СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

За остварување на ова право странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд на Република Македонија. Барањето може да го поднесе во текот на постапувањата пред домашните судови, **а најдоцна шест месеци сметано од денот на правосилноста на одлуката**.

## СУДЕЊЕТО ВО РАЗУМЕН РОК Е ВАШЕ ПРАВО И НИКОЈ НЕ СМЕЕ ДА ВИ ГО ОДЗЕМЕ

Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок треба да се достави до Зелена Лупа кои ќе ги покрие сите трошоци до крајот на постапката.

## ОБРАТЕТЕ СЕ НА 02 60 90 124 И НИЕ ЌЕ ВИ ПОМОГНЕМЕ

**Потребно е комплетните судски предмети направени во копија да се достават до Здружението Зелена Лупа на адреса ул.Гоце Делчев бр.14/ 3 кат со тел. 02 60 90 124.111**

Доколку Врховниот суд на Република Македонија утврди повреда на правото за судење во разумен рок со решението ќе определи рок во којшто судот, пред кого постапката е во тек, мора да одлучи за правото, обврската или кривичната одговорност на подносителот на барањето и ќе досуди **паричен надоместок** за поднесителот на барањето заради повреда на неговото право за судење во разумен рок. Паричниот надоместок паѓа на товар на Судскиот буџет и се исплатува **во рок од три месеци** од денот на правосилноста на решението на Врховниот суд.

Со почит,
**Зелена Лупа**

Embassy of the
Kingdom of the Netherlands